НАРОДЕН ГЛАСНИК

НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ!



Автор: Хенрик Ибзен

Режисер: Нина Николиќ

Го сакам својот град, како што човек може да го сака само местото на својата младост. Бев млад кога заминав одовде; а далечината, сиромаштијата и спомените фрлаа уште повозвишен сјај на мојот град и на оние кои живеат во него. И кога најпосле судбината ми се насмевна да се вратам дома... верувајте, немаше ништо повеќе на светов што можев да посакам. Всушност, имаше... Посакував: неуморно, посветено и безрезервно да работам за доброто на своето родно место и на заедницата.

Никола Ристановски
Звездана Ангеловска
Дарја Ризова
Јана Вељановска
Ана Арсовска
Благој Веселинов

Петре Арсовски
Сашка Димитровска
Александар Михајловски
Нино Леви
Мартин Ѓоргоски

„НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ“
Автор: Хенрик Ибзен
Режисер: Нина Николиќ

Драматург: Тамара Барачков
Преведувач на драмскиот текст: Маја Трајановска-Ивановска
Сценограф: Вишња Вујовиќ
Костимограф: Ивана Каранфиловска-Угуровска
Дизајнер на светло: Крис Јегер
Композитор: Јоргос Дусос
Кореограф: Карис Пекливанидис

Премиера: 09.05.2022 година
Времетраење: 105 минути

„Овој проект е финансиран со поддршка од Европската комисија и нејзината содржина ги одразува ставовите само на авторот, а Комисијата нема да се смета за одговорна за каква било употреба што може да биде направена од информациите што се содржат во истата.“

“The European Commission's support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents, which reflect the views only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein."

AN ENEMY OF THE PEOPLE
Author: Henrik Ibsen
Director: Nina Nikolic

Scriptwriter: Tamara Barachkov
Translator of the text of the play: Maja Trajanovska-Ivanovska
Set designer: Vishnja Vujovic
Costume designer: Ivana Karanfilovska-Ugurovska
Lighting designer: Chris Jaeger
Composer: Yorgos Dousos
Choreographer: Charis Peclivanidis

Premiere: 09.05.2022
Duration: 105 minutes

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МНТ

Република Северна Македонија
Министерство за култура

THE WAYS of THE HEROES

Creative Europe

la DRAMA TURGIE

eho animato

STUDIO TEATAR

LOOP

STUDIO ZA RAZISKAVO UMETNOSTI IGRE

Придружни партнери:

JP PARKOVI I ZELENILO NP PARQE DHE GJELBËRIME

QdA Quartieri dell'Arte

DUTRINTI SUMMER FESTIVAL

MARATON BUS & BUS STATION ADVERTISING
STOBI WINERY
Ladna
Ранап
Skopje City Mall
КАНАЛ 77 МАГИЈА ВО ЕТЕРОТ
СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.
НЕЗАВИСЕН ВЕСНИК
Нова Македонија
Република
САКАМ ДА КАЖАМ за слободоумни
URBAN FM
club fm
city radio
БУБА МАРА 105.2 FM
24
backstage
GRID
clip media group
makfax
S.I.A. MEDIA INDOOR MEDIA

За проектот „ПАТИШТАТА НА ХЕРОИТЕ“

„Патиштата на хероите“ е меѓународен проект на 7 партнерски организации кои се сплотуваат околу идејата за уметничко испитување на социјалната апатија, притоа фокусирајќи се на најзагрижувачкиот проблем што бара наша итна акција — животната средина.

Проектот нуди различни импулси за создавање на организација и одговорност во време на криза. Се собираат фактите за климатската криза, но и се бара одговор на прашањата:

Што правиме со овие факти?

Дали треба да ја видиме бојата на воздухот што го дишеме за да дејствуваме?

Како постапуваме како поединци и општества?

Како политички, социјално и емотивно реагираме на кризата?

Како да го направиме првиот чекор на патот?

Веќе има многу поединци кои дејствуваат за добра цел во нашите општества, но тие не се доволно видливи. Проектот ги нагласува и ги споделува нивните приказни за да ги инспирира општествата да ги следат индивидуалните начини и постапки на хероите.

Проектот се фокусира на пренесување приказни на овие скриени херои, сè до меѓународната публика. Театарска претстава, краткометражни филмови, работилници, из-

ложби, илустрирани книги за деца и онлајн кампањи се средствата што се користат за споделување на овие еко-приказни. Препознавајќи ги сите скриени херои што ги градат нашите општества, се надеваме дека „Патиштата на хероите“ ќе предизвика чувство на припадност, толку важно за идентитетот на поединецот.

Со воспоставување на креативен екосистем во кој секоја активност влијае на друга, а разликите помеѓу уметничките дисциплини се нејасни, проектот вклучува разновидни средства за изразување, а медиумите слоевито ќе ги пренесат информациите за тоа како ние ја перципираме нашата планета денес.

Движечката сила на проектот се примери за добри еколошки практики – интервјуа со граѓани од сите 6 партнерски земји. Овие приказни од реалниот живот се интерпретирани преку перформанс на јавен простор, илустрирана книга за деца, работилници за градење на уметнички општества и изложби. Одржливоста и влијанието врз животната средина на овие активности се проследени од експерт за животна средина со цел да предизвика саморефлексија и да поттикне пошироко разбирање на односот поединец — средина меѓу учесниците на „Патиштата на хероите“.

Еден чекор на патот кон одговорите на прашањата е и претставата „Народен непријател“ на Ибзен, а во режија на Нина Николиќ, која го доведува во прашање влијанието на поединците врз општеството и обратно. Претставата се занимава со испитување на улогата на поединецот во општеството, важноста на неговиот глас, како и погубната вистина дека гласот на мнозинството е секогаш помоќен од оној на поединецот, независно кој е во право.

Носител на овој комплексен и меѓународен проект е РСМ НУ Македонски народен театар, кој воедно е поддржан од програмата „Креативна Европа“ во рамките на повикот за проекти за културна соработка на Западен Балкан.

Во копродукцискиот проект учествуваат автори од сите партнерски земји: Србија, Словенија, БиХ, Грција и Италија. Македонскиот народен театар заедно со издавачката куќа „Гаврош“ од Скопје и од Италија - Ла Драматурџи, Грција - Лооп Амке, Босна и Херцеговина - Студио Театар, Словенија - Институт за театарска игра и од Србија - Ехо Анимато се занимаваат со откривање и поддржување на поединците чија еколошка свест придонесува за позитивни општествени промени. Се истражуваат механизмите на создавање и соработка во креативен тим, здружувајќи ги уметниците за преиспитување на нивните сопствени практики, со цел да се подобри уметничкиот тим и да создаде силно општество/заедница.

About the project The Ways of the Heroes

The Ways of the Heroes is an international project of 7 partner organizations gathered around the idea of artistic examination of social apathy while focusing on the most concerning issue that needs our immediate action – the environment.

The project offers various impulses to create agency and responsibility in times of crisis. We are gathering the facts about climate crisis, but we need to answer the following questions:

What do we do with these facts?

Do we need to see the color of the air that we breathe in order to act?

How do we act as individuals and communities?

How do we react politically, socially and emotionally to the crisis?

How do we make the first step on the way?

There are already many individuals acting for a good cause in our communities, but they are not visible enough. The project emphasizes and shares their stories in order to inspire communities to trace their own Ways of the Heroes.

The project focuses on bringing stories of these hidden heroes to international audiences . Theatre plays, short films, workshops, exhibitions, illustrated books for children and online campaigns are the means used to share

these eco-stories. By recognizing all the hidden heroes that build our communities, we hope that The Ways of the Heroes will inspire a sense of belonging, ever so important for an individual's identity.

By establishing a creative ecosystem in which each activity influences another, and differences between artistic disciplines are blurred, the project includes diversified means of expression. Translating the themes from one media to another will bring layers and multiple new angles on how we perceive our planet today.

The moving force of the project are examples of good environmental practices – interviews with citizens of all 6 partner countries. These real-life stories are interpreted through a public space performance, an illustrated book for children, artistic community building workshops and exhibitions. The sustainability and the impact on the environment of these activities are followed by an environmental expert, with the aim of encouraging self-reflection and inspiring a wider understanding of the individual-environment relationship among the participants of the Ways of the Heroes.

One step on the way to answering the questions is Ibsen's play An Enemy of the People, directed by Nina Nikolic, which questions the impact of individuals on society and vice versa. The play deals with the examination of the role of the individual in society, the importance of their voice, as well as the disastrous truth that the voice of the majority is always more powerful than that of the individual, regardless of who is right.

Holder of this complex and international project is the NI of RNM, the Macedonian National Theater, which is also supported by the Creative Europe Programme within the call for projects for cultural cooperation in the Western Balkans.

Authors from all partner countries: Serbia, Slovenia, Bosnia and Herzegovina, Greece and Italy participate in the co-production project. The Macedonian National Theater, together with the Gavroche Books publishing house from Skopje, La Dramaturgy from Italy, LOOP (Listen Observe Organize Prototype) – Greece, Studio Teatar – Bosnia and Herzegovina, Studio for the Research of the Art of Acting – Slovenia, Eho animato – Serbia deal with identifying and supporting individuals whose environmental awareness contributes to positive social change. The mechanisms of creating and collaborating in a creative team are explored, bringing artists together to rethink their own practices in order to improve the art team and create a strong society/community.



УЛОГИ

д-р Томас Стокман, лекар во општинската бања - **Никола Ристановски**

Катарина, неговата сопруга - **Звездана Ангеловска**

Петра (нивната ќерка), наставничка - **Дарја Ризова**

Ејла, нивната средна ќерка – **Јана Вељановска**

Мортине, нивната најмала ќерка - **Ана Арсовска**

Петар Стокман (брат на лекарот), градоначалник и претседател на управниот одбор на бањата - **Благој Веселинов**

Мортен Кил (потатко на Катарина), кожар - **Петре Арсовски**

Ховстад, уредничка на „Народен гласник“ - **Сашка Димитровска**

Билинг, соработник на „Народен гласник“ - **Александар Михајловски**

Аслаксен, сопственик на печатница - **Нино Леви**

Капетан Хорстер - **Мартин Ѓоргоски**

ROLES

Dr. Thomas Stockmann, Medical Officer of the Municipal Baths - **Nikola Ristanovski**

Katherine, His wife - **Zvezdana Angelovska**

Petra (their daughter), A teacher - **Darja Rizova**

Ejlif, Their middle daughter – **Jana Veljanovska**

Morten, Their youngest daughter - **Ана Арсовска**

Peter Stockmann (The Doctor's brother), Mayor of the town and Chairman of the Baths' Committee - **Blagoj Veselinov**

Morten Kiil (Katherine's adoptive father), A tanner - **Petre Arsovski**

Hovstad, Editor of the "People's Messenger" - **Sashka Dimitrovska**

Billing, Sub-editor of the "People's Messenger" - **Aleksandar Mihajlovski**

Aslaksen, Owner of a printing house - **Nino Levi**

Captain Horster - **Martin Gjorgoski**

Уредници на програмскиот каталог: Мила Анѓелковиќ и Ивана Јарчевска

Лектор на каталогот: Тодорка Балова

Дизајнер на плакатот и програмскиот каталог: Димитар Димитров

Преведувач на македонски и на англиски јазик за програмскиот каталог: Друштво за услуги БЕСТЕЛ ДООЕЛ - Скопје

Фотограф: Кире Галевски

Менаџер за промоција и маркетинг на претставата: Сандра Стојмирова

Финансиски менаџер на проектот: Кристина Ацковска

Лице одговорно за водење на правни работи на проектот: Неда Ризова

Технички раководител: Гунтер Кубе

Инспициент: Вукица Александрова

Суфлер: Тања Ивановска

Светло мајстор: Игор Митревски

Светлооператори: Игор Ѓоргиев и Горјан Темелкоски

Мајстор на тон: Александар Арсиќ

Видеооператор: Драган Алексовски

Реквизитери: Боби Гелиќ и Соња Крстевска

Гардеробери: Валентина Чонкова и Скендер Бериша

Шивачи: Јулијана Дуковска, Тасим Даути и Џингис Даути

Шминкери и фризери: Бранка Пљачковска и Моника Грковска

Манипуланти на горен и на долен погон: Трајче Тасевски и Горан Димов

Декоратери: Саво Ивановски, Васил Мешковски, Павле Кралевски, Дејан Стамчевски и Мартин Китановски

Изведувачи на сценографијата: Ангел Петровски, Татјана Христоска, Зоран Миновски и Велимир Луканоски

Editors of the program catalog: Mila Andjelkovic and Ivana Jarchevska

Catalog lector: Todorka Balova

Poster and program catalog designer: Dimitar Dimitrov

Translator in Macedonian and English for the program catalog: Company for services BESTEL DOOEL - Skopje

Photographer: Kire Galevski

Manager for promotion and marketing of the play: Sandra Stojmirova

Project Financial Manager: Kristina Achkovska

Person responsible for managing the legal affairs of the project: Neda Rizova

Technical manager: Gunter Kube

Stage manager: Vukica Aleksandrova

Prompter: Tanja Ivanovska

Lighting technician: Igor Mitrevski

Lighting operators: Igor Gjorgiev and Gorjan Temelkoski

Production sound mixer: Aleksandar Arsikj

Video operator: Dragan Aleksovski

Props masters: Bobi Gelic and Sonja Krstevska

Wardrobe supervisors: Valentina Chonkova and Skender Berisha

Tailors: Julijana Dukovska, Tasim Dauti and Genghis Dauti

Make-up artists and hairdressers: Branka Pljachkovska and Monika Grkovska

Manipulators of upper and lower drive: Trajche Tasevski and Goran Dimov

Decorators: Savo Ivanovski, Vasil Meshkovski, Pavle Kralevski, Dejan Stamchevski and Martin Kitanovski

Set construction: Angel Petrovski, Tatjana Hristoska, Zoran Minovski and Velimir Lukanoski

За историјата на драмата „НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ“

„Народен непријател“, драмата во пет чина од Хенрик Ибзен, прв пат е објавена на 28 ноември 1882 година со оригинален наслов „En folkefiende“. Напишана е како одговор по јавниот скандал за неговата претходна драма – „Духови“, која ја критикува хипокризијата и моралот во општеството. На сцена, својата праизведба ја има во Кристијанија (денешен Осло), Норвешка, на 13 јануари 1883 година. Подоцна истата година е поставена во Хелсинки, Финска; Берген, Норвешка; Копенхаген, Данска и Гетеборг и Стокхолм (Шведска). Подоцна е поставена и во Берлин, Германија (1887); Берн, Швајцарија (1888); Виена, Австрија (1890); Париз, Франција (1893) и во Москва, Русија (1900). Оваа драма е и првата драма од Ибзен која е поставена во Комеди Франсез (Comédie Française), Париз, во 1921 година.

„Народен непријател“ е една од најизведуваните драми од овој автор кој се смета за „татко на модерната драма“. До денес има над 1880 премиери на различни сцени низ светот: Европа, Азија, Африка, Австралија, Северна и Јужна Америка.

„НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ“ – ДРАМАТУРШКА БЕЛЕШКА

Да се каже денес дека некој класик на драмската литература е актуелен, звучи општо кажано. Но, кога ќе го погледнеме драмскиот текст на Хенрик Ибзен „Народен непријател“ (напишан во 1882 година) фасцинантно е колку допирни точки гледаме меѓу општеството во кое живееме и она кое се врти против доктор Стокман.

Во случајот, во оваа претстава актуализацијата, пред сè, подразбира изострување на контекстот од каде што ја читаме драмата, без посебни интервенции во самиот текст, кој најмногу останува во својата изворна форма. Драмата совршено кореспондира и со кризата со која нашето општество повторно се соочува — преку исклучувањето на доктор Стокман од заедницата, Ибзен вешто го разоткрива општествениот конформизам и политичкото користољубие, покажува механизам со кој секој поединец што прави обид да зборува за системска неправда, автоматски го карактеризира како предавнички и заговорнички.

Во исто време, „страдањето“ на докторот е последица на неговиот стремеж да укаже на проблемот со загадената вода, што — во светлото на локалната свест за важноста на зачувувањето на животната средина — ја прави драмата на Ибзен уште поинтригантна за читање и поставување.

„Народен непријател“ отвора и важна дилема и во актуелните еколошки борби — како да се третира нешто што од една страна е извор на загадување и зараза, а од друга, главен (честопати единствен) извор на приход за поголемиот дел од населението во тој крај? Доктор Стокман е парадигма на современиот ангажиран маж, но тој е и идеалист кој верува дека промената е можна, и дека моменталното жртвување е неопходно, без разлика колку е тоа болно. Можеби на почетокот несвесен за последиците и проблемите што ќе му ги донесе неговиот бескомпромисен став, и покрај ударите што му ги нанесе општеството, предводени од владејачката политичка структура и нестабилните новинари, доктор Стокман низ предизвици и падови, созрева и ги зајакнува, ги освестува и ги зацврстува своите крајни цели. Големо прашање е како денес да се прочита и да се толкува крајот на претставата. Во време кога, често, системот успева да го сомеле и да го совлада поединецот, предизвик е да се направи возможен и убедлив Стокмановиот оптимизам и одлуката да остане, но подеднакво важно е и прецизно да се дефинира (следната) цел и да се конкретизира полето за понатамошната борба на овој Ибзенов херој.

Тамара Барачков, драматург на претставата

About the history of the drama AN ENEMY OF THE PEOPLE

An Enemy of the People, a five-act play by Henrik Ibsen, was first published on November 28, 1882 with the original title En folkefiende. It is written as a response to a public scandal over his previous drama, Ghosts, which criticized the hypocrisy and morality of the society. It premiered in Christiania (modern-day Oslo), Norway, on January 13, 1883. Later that year it was staged in Helsinki, Finland; Bergen, Norway; Copenhagen, Denmark and Gothenburg and Stockholm (Sweden). It was later staged in Berlin, Germany (1887); Bern, Switzerland (1888); Vienna, Austria (1890); Paris, France (1893) and Moscow, Russia (1900). This play is also the first Ibsen play to be staged at the Comédie Française in Paris in 1921.

An Enemy of the People is one of the most performed plays by this author who is considered the "father of modern drama". To date, there have been over 1880 premieres on various stages around the world: Europe, Asia, Africa, Australia, North and South America.

AN ENEMY OF THE PEOPLE – DRAMATURGICAL NOTE

To say today that a dramatic literature classic is currently trending sounds a little basic. But, when we look at Henrik Ibsen's play, An Enemy of the People (written in 1882), it is fascinating how many common things we see between the society in which we live and the one that turns against Dr. Stockmann.

In the case, in this play, the actualization, above all, implies a sharpening of the context from which we read the play, without special interventions in the text itself, which mostly remains in its original form. The drama perfectly corresponds to the crisis that our society is facing again — through the exclusion of Dr. Stockmann from the community, Ibsen skillfully reveals social conformism and political selfishness, shows a mechanism by which every individual who attempts to speak up about systemic injustice is automatically characterized as a traitor and conspirator.

At the same time, the doctor's "suffering" is a consequence of his tendency to point to the problem of polluted water, which — in the light of local awareness of the importance of preserving the environment — makes Ibsen's play even more intriguing to read and stage.

An Enemy of the People also raises an important dilemma in the current environmental struggles — how to treat something that, on the one hand is a source of pollution and contagion, and on the other, is the main (and often the only) source of income for the majority of the population in that area? Dr. Stockmann is the paradigm of the engaged modern man, but he is also an idealist who believes that change is possible, and that immediate sacrifice is necessary, no matter how painful. Perhaps at first unaware of the consequences and problems that his uncompromising stance will bring him, despite the blows inflicted on him by society, led by the ruling political structure and unstable journalists, Dr. Stockmann, through challenges and setbacks, matures and invigorates, awakens and strengthens his ultimate goals.

The main question here is how to read and interpret the end of the play in modern times. At a time when, often, the system manages to crush and knock down the individual, the challenge is to make Stockmann's optimism and his decision to stay possible and convincing, but it is equally important to precisely define the (next) goal and to concretize the field for the further fight of this Ibsen's hero.

Tamara Barachkov, Scriptwriter

ЗА АВТОРОТ

Хенрик Ибзен (1828 – 1906) е норвешки драмски писател, еден од најголемите драматурзи на светската книжевност. Тој е основач на модерниот европски театар кон крајот на XIX и почетокот на XX век, создавајќи ја т.н. аналитичка техника во водењето на драмското дејство. Со своите дела влијае на работата на голем број драматурзи и романописци меѓу кои и на: Оскар Вајлд, Артур Милер и Џејмс Џојс. По Вилијам Шекспир, тој е еден од најпоставуваните драмски автори на театарските сцени низ светот, а „Куќа за една кукла" станува негово најпознато дело. Други најважни дела се: „Пер Гинт", „Столбови на општеството", „Цезар и Галилејците", „Хеда Габлер", „Народен непријател", „Џон Габриел Боркман", „Дива патка" и „Росмерсхолм". Во нив се согледува неговата поетика со примеси на симболистички, натуралистички и импресионистички елементи и впечатлив творечки формат.

Дел од неговите драми се сметале за скандалозни. Имено, во минатото се сметало дека театарот треба да го претставува строгиот, морален семеен живот т.е. да биде огледало на пристојност, што во неговите драми тоа не е случај. Пишувал теми кои не смееле јавно да се истакнуваат, она што е загрижувачко, она што е сурово позади фасадата, а ги критикува и моралот и условите за живот во Норвешка.

Со пишување започнува на 15-годишна возраст, а веќе на 18 години целосно му се посветува само на ова. Еден период дејствува како соработник и уредник во неколку норвешки весници. Постојано е на нова локација и живее и твори во Италија, Австрија, Данска и во Германија. Неколку години е во театарот (Det Norske) во Берген, Норвешка, каде што работи како писател, режисер и продуцент на повеќе од 145 претстави (1851 – 1857). Подоцна е и уметнички директор на театарот „Кристијанија" во Осло, Норвешка (1857 – 1862).



ABOUT THE AUTHOR

Henrik Ibsen (1828 – 1906) is a Norwegian playwright, one of the greatest dramaturges of world literature. He is the founder of modern European theater in the late nineteenth and early twentieth century, creating the so-called analytical technique in conducting the dramatic action. His work has influenced the work of many playwrights and novelists, including Oscar Wilde, Arthur Miller, and James Joyce. After William Shakespeare, he is one of the most staged playwrights on the world stage, and A Doll's House has become his most famous work. Other most important works include Peer Gynt, The Pillars of Society, Emperor and Galilean, Hedda Gabler, An Enemy of the People, John Gabriel Borkman, The Wild Duck, and Rosmersholm. They reflect his poetics with admixtures of symbolist, naturalistic and impressionist elements and a striking creative format.

Some of his plays were considered scandalous. Namely, in the past it was considered that the theater should represent the strict, moral family life, i.e. to be a mirror of decency, which is not the case in his plays. He wrote topics that were not allowed to be publicly displayed, describing what is worrying, what is cruel behind the facade, and criticizing the morals and living conditions in Norway.

He started writing at the age of 15, and at the age of 18 he devoted himself entirely to this. For a time he acted as an associate and editor to several Norwegian newspapers. He constantly moved to new locations where he lived and created, like Italy, Austria, Denmark and Germany. He spent several years at the Det Norske Theater in Bergen, Norway, where he worked as a writer, director and producer of more than 145 plays (1851-1857). Later he was the artistic director of the Christiania Theatre in Oslo, Norway (1857 - 1862).

Нина Николиќ (1987, Скопје), режисер

Дипломира на Катедрата за француски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и Театарска режија на Факултетот за драмски уметности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје во 2010 година, во класата на проф. Слободан Унковски, каде што и магистрирала во 2014 година со претставата „Евридика“ поставена во Драмскиот театар - Скопје. Во 2021 година, на истиот факултет, ја брани и докторската дисертација: „Испитување на пристапот како да престанеш да глумиш на Харолд Гаскин со студенти по актерска игра на ФДУ, со претставата 'Белградска трилогија' од Биљана Србљановиќ“, а под менторство на проф. Јорданчо Чеврески. Од 2014 г. работи во Македонскиот народен театар, Скопје.

Меѓу нејзините најзначајни претстави се: „Нема да биде крај на светот“ (2021) од Аднан Лугониќ, во копродукција на МНТ и Сараевски ратни театар; „Отело“ (2019) од Вилијам Шекспир, копродукција на Перипетија продукција, МНТ и БНП, Зеница; „Галеб“ (2018) од А. П. Чехов во продукција на МНТ; „Буре барут“ (2018) од Дејан Дуковски, во продукција на БНП, Зеница; „Белградска трилогија“ (2017) од Биљана Србљановиќ, во продукција на Перипетија продукција; „Разговори во четири очи“ (2015) од Ингмар Бергман; „Треперење“ (2011), во продукција на Скопје Филм Студио и МНТ; „Кој пукаше на 21-ви?“ (2014) според „Луда Шума“ на Керил Черчил, во Младинскиот културен центар - Скопје; „Евридика“ (2013) од Сара Рул во Драмскиот театар - Скопје; „Пеликанот“ (2012) од Аугуст Стриндберг, проект на Шведската амбасада во Скопје и Факултетот за драмски уметности - Скопје; „Секс, лаги и диви гуски“ (2012) според „Олд Сејбрук“ на Вуди Ален, во продукција на Круг продукција и Младинскиот културен центар и многу други.

Претставите на Николиќ учествувале на фестивалите: Средби во Пекинг, Народна Република Кина; Варненско лето во Варна, Бугарија; Светски театар во Софија, Бугарија; Бела Кула, Брест, Белорусија; Арт Окраина, Санкт Петербург, Русија; Московски ноќи, Митишчи, Русија; Человек театра, Чељабинск, Русија; Централноевропски театарски фестивал, Кошице, Словачка; Млад отворен театар, Скопје, Северна Македонија; Меѓународен театарски фестивал ФЕСТ, Катманду, Непал и многу други.

Nina Nikolic (1987, Skopje), Director

She graduated from the Department of French Language and Literature at the Faculty of Philology Blazhe Koneski and Theater Directing at the Faculty of Dramatic Arts at the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje in 2010, in the class of prof. Slobodan Unkovski, where she received her master's degree in 2014 with the play Eurydice staged at the Drama Theater Skopje. In 2021, at the same faculty, she defended her doctoral dissertation: "Examining Harold Gaskin's approach of how to stop acting, with acting students at FDA, with the play 'Belgrade Trilogy' by Biljana Srbljanovic", under the mentorship of prof. Jordancho Chevreski. She has worked at the Macedonian National Theater, Skopje since 2014.

Among her most notable performances are: It won't be the end of the world (2021) by Adnan Lugonic, co-produced by MNT and SARTR; Othello (2019) by William Shakespeare, co-production between Peripetija Production, MNT and Bosnian National Theatre Zenica; The Seagull (2018) by Anton Chekov, a production of MNT; The Powder Keg (2018) by Dejan Dukovski, a production of BNP, Zenica; Belgrade Trilogy (2017) by Biljana Srbljanovic, in production of Peripetija Production; Private Confessions (2015) by Ingmar Bergman; Trembling (2011), a production of Skopje Film Studio and MNT; Who shot on the 21st (2014) based on the Mad Forest by Cheryl Churchill in the Youth Cultural Center, Skopje; Eurydice (2013) by Sarah Ruhl in Drama Theater - Skopje; The Pelican (2012) by August Strindberg, project of the Embassy of the Kingdom of Sweden and the Faculty of Dramatic Arts – Skopje; Sex, Lies and Wild Geese (2012) based on the play Old Saybrook by Woody Allen, in production of Circle Production and the Youth Cultural Center and many other.

Nikolic's plays took part in the festivals: Meetings in Beijing, People's Republic of China; Varna Summer Fest in Varna, Bulgaria; World Theatre in Sofia, Bulgaria; International Theater Festival Belaya Vezha (White Tower) in Brest, Belarus; Art Okraina, St. Petersburg, Russia; Moscow Nights, Mytishchi, Russia; Chelovek Teatra (Man of Theatre), Chelyabinsk, Russia; Central European Theater Festival, Kosice, Slovakia; Young Open Theater, Skopje, North Macedonia; Nepal International Theatre Festival (FEST), Katmandu and many more.

Вишња Вујовиќ (1985, Рашка), сценограф

Живее и работи во Белград како самостоен архитект и сценограф. Дипломира на Архитектонскиот факултет во Белград (2007) и магистрира на истиот во 2009 година. Работи како асистент по сценографија во Позориште на Теразијама во Белград (2010), потоа е дел од „Ексе-тим архитекти“ (2011 и 2012). Ја изработила и сценографијата на 28. Белградски џез-фестивал, што се одржал во Сава Центар (2013). Во 2014 година била уметнички асистент на „Сочувствително плукање“ од Кармен Ванг, на фестивалот „Миксер“, и сценограф на претставата „По натпреварот“, продукција на Ехо Анимато. Во улога на сценограф се појавува и во претставите: „Бура“ од Вилијам Шекспир (Регионален театар, Нови Пазар, 2015); „Росмерсхолм“ од Хенрик Ибзен (Белградски драмски театар, 2016); „Белградска трилогија“ од Биљана Србљановиќ („Кино Култура“, Скопје, Македонија, 2017); „Галеб“ од Антон П. Чехов (РСМ НУ Македонски народен театар, 2018); „Фрагменти на неспокој“ од Фернандо Песоа (Народно позориште – Белград, 2019) и „Отело“ од Вилијам Шекспир (РСМ НУ Македонски народен театар, Перипетија продукција и БНП – Зеница, 2019). Во 2018 година го дизајнира просторниот концепт на „Најдобрите намери“ од Ингмар Бергман, архива на југословенскиот филм/ Културен центар „Град“, Белград.

Зема учество и на групни изложби: „Генеративни модели на дизајн“ на фестивалот „Миксер“ во Белград (2008) и „Ве очекуваме“ – изложбен проект во Белградскиот младински центар (2013). Од 2008 до 2011 г. учествува на голем број работилници во Бања Лука, Даблин, Белград, Нови Сад, а во 2013 г. е ментор на една ликовна и една детска работилница во Белград, како и уметнички асистент на фестивалот „Утре“, одржан во Белградскиот младински центар.

Vishnja Vujovic (1985, Rashka), Set designer

She lives and works in Belgrade as an independent architect and set designer. She graduated from the Faculty of Architecture in Belgrade (2007) and received her master's degree in 2009. Works as a scenography assistant in Terazije Theatre in Belgrade (2010), and later becomes a part of the Exe-team of architects (2011 and 2012). She also made the scenography for the 28th Belgrade Jazz Festival, which took place in the Sava Center (2013). In 2014, she was the artistic assistant at Carmen Wang's Compassionate Spitting at the Mixer Festival, and the set designer for Eho Animato's After the Match. In the role of a set designer, she also appears in the plays: The Tempest by William Shakespeare (Regional Theater, Novi Pazar, 2015); Rosmersholm by Henrik Ibsen (Belgrade Drama Theater, 2016) Belgrade Trilogy by Biljana Srbljanovic (Kino Kultura, Skopje, Macedonia, 2017); The Seagull by Anton Chekov (NI of RNM, Macedonian National Theater, 2018); Fragments of restlessness by Fernando Pessoa (National Theater - Belgrade, 2019); and Othello by William Shakespeare (NI of RNM, Macedonian National Theater, Peripetija Production and BNP – Zenica, 2019). In 2018, she designed the spatial concept of The Best Intentions by Ingmar Bergman, Yugoslav Film Archive/Cultural Center "City", Belgrade.

She also participated in group exhibitions: Generative Design Models at the Mixer Festival in Belgrade (2008) and We are waiting for you - an exhibition project at the Belgrade Youth Center (2013). From 2008 to 2011 she participated in numerous workshops in Banja Luka, Dublin, Belgrade, Novi Sad, and in 2013 was a mentor of an art workshop and a children's workshop in Belgrade, as well as an art assistant at the Tomorrow festival, held at the Belgrade Youth Center.

Ивана Каранфиловска-Угуровска (1986, Скопје), костимограф

Дипломира на Факултетот за ликовни уметности – Скопје во 2010 г. на студиската програма ликовна педагогија, насока графика. Како ликовен педагог своето стручно дооформување го остварува на бројни семинари во областа на педагогијата и работата со ученици од основното и средното образование, но нејзината кариера уште од дипломирањето е фокусирана на театарската костимографија.

Вработена е како костимограф во Театар „Комедија“ – Скопје, а во нејзината биографија има повеќе независни и институционални театарски проекти каде што се појавува како автор, и во последно време нејзината работа претставува освежување на македонската театарска сцена. Помеѓу позначајните театарски проекти се издвојуваат: „Пинокио и Црвенкапа во потрага за Аладиновата ламба“ според текстови на Драгана Лукан Николоски (НУЦК „Трајко Прокопиев“ – Куманово, 2011); „Секс, лаги и диви гуски“ според „Олд Сејбрук“ од Вуди Ален (Круг продукција и Младинскиот културен центар, 2012); „Пеликанот“ проект на Шведската амбасада во Скопје и Факултетот за драмски уметности (2012); „Евридика“ (Драмски театар – Скопје, 2013); „Кој пукаше на 21-ви?“ од Керил Черчил (Младински културен центар, 2015); „Разговори во четири очи“ од Ингмар Бергман (РСМ НУ Македонски народен театар и Скопје Филм Студио, 2015). Работи и на независниот проект „Белградска трилогија“ во продукција на „Перипетија“, поддржан од Министерството за култура на РСМ; „Галеб“ од Антон П. Чехов (РСМ НУ Македонски народен театар, 2018); „Човек, ѕвер и доблест“ (Театар „Комедија“ – Скопје, 2019); „На отворено“ од Славомир Мрожек (Театар „Комедија“ – Скопје, 2019); „Отело“ од Вилијам Шекспир (РСМ НУ Македонски народен театар, Перипетија продукција и БНП – Зеница, 2019); „Последната лента на Крап“ од Семјуел Бекет (РСМ НУ Македонски народен театар, 2020); и „Нема да биде крај на светот“ од Аднан Лугониќ (РСМ НУ Македонскиот народен театар и Сараевски ратни театар, 2021).

Ivana Karanfilovska-Ugurovska (1986, Skopje), Costume designer

She graduated from the Faculty of Fine Arts Skopje in 2010 on the study program Art Pedagogy, where her program direction was graphics. As an art pedagogue, she completed her professional training at numerous seminars in the field of pedagogy and by working with students from primary and secondary education, but since graduation her career has been focused on theatrical costume design.

She works as a costume designer at the Comedy Theater - Skopje, and in her biography there are several independent and institutional theater projects where she appears as an author, and lately her work has been a refreshment of the Macedonian theater scene. Among the more significant theater projects, ones that are more prominent are: Pinocchio and Little Red Riding Hood in Search of Aladdin's Lamp, based on texts by Dragana Lukan Nikoloski, (NICC Trajko Prokopiev - Kumanovo, 2011); Sex, Lies and Wild Geese based on the play Old Saybrook by Woody Allen (Circle Production and the Youth Cultural Center 2012); The Pelican, project of the Embassy of the Kingdom of Sweden and the Faculty of Dramatic Arts – Skopje (2012); Eurydice (Drama Theater – Skopje, 2013); Who shot on the 21st by Cheryl Churchill (Youth Cultural Center, 2015); Private Confessions by Ingmar Bergman (NI of RNM, Macedonian National Theater and Skopje Film Studio, 2015). She is also working on the independent project Belgrade Trilogy in production of Peripetija, supported by the Ministry of Culture of the RNM; The Seagull by Anton Chekov (NI of RNM, Macedonian National Theater, 2018); Man, Beast and Virtue (Comedy Theater - Skopje, 2019); At Sea by Slawomir Mrozek (Comedy Theater - Skopje, 2019); Othello by William Shakespeare (NI of RNM, Macedonian National Theater, Peripetija Production and BNP – Zenica, 2019); Krapp's Last Tape by Samuel Beckett, (NI of RNM, Macedonian National Theater, 2020); and It won't be the end of the world by Adnan Lugonic (NI of RNM, Macedonian National Theater and SARTR, 2021).

Крис Јегер (1960, Јужен Лондон, Велика Британија), дизајнер на светло

Крис Јегер веќе 36 години се занимава со дизајнирање светло на театарската сцена. Дипломира на Лондонската академија за музика и драмска уметност (ЛАМДА) во 1981 година, а неговата кариера како дизајнер на светло започнува во 1982 година, како дизајнер во лондонскиот балет (London City Ballet). Досега остварил соработка со многу театри, креирајќи го осветлувањето на огромен број врвни танцувачки, оперски, музички и драмски претстави. Голем дел од неговите продукции гостувале во театрите низ Велика Британија и низ Европа. Во РСМ НУ Македонски народен театар, Крис Јегер досега има соработувано на претставите: „Ничија земја“ од Данис Тановиќ и Александар Морфов во режија на Александар Морфов (2017); „Галеб“ од А. П. Чехов во режија на Нина Николиќ (2018) и „Отело“ од Вилијам Шекспир во режија на Нина Николиќ, РСМ НУ Македонски народен театар, Перитетија продукција и Босанско народно позориште – Зеница (2019).

Соработувал со Националниот театар во Букурешт, Романија, на продукцијата на „Смртта на кралот“ од Ежен Јонеско, како и на „Бура“ од Шекспир во Пекинг, Кина, двете во режија на Александар Морфов. Работел и во

Националната опера во Букурешт на поставувањето на операта „Кавалерија Рустикана“ од Пјетро Маскањи, како и на „Палјачи“ од Руџеро Леонкавало во Опера хаус во Букурешт. Меѓу позначајните продукции на кои работел се: „Кориолан“ и „Зимска приказна“ од Шекспир во режија на Мајкл Богданов во Англиската Шекспир Компанија; „Тимон од Атина“ во режија на Грахам Вич во Англиската национална опера, „Некој што ќе ме надгледува“ во режија на Теренс Ламуд во Виена, Австрија; „Ромео и Јулија“, „Сон на летната ноќ“, „Брајтон рок“ и „Враќање на забранетата планета“ во режија на Боб Карлтон во Лондон, Англија; „Евгениј Онегин“ во режија на Јон Карамитру во Белфаст, Софија и Букурешт, како и претставите: „Сите мои синови“, „Владин инспектор“ и „Посета“ во режија на Александар Морфов, „Noli infractri“ и „Венецијанскиот трговец“, сите во Народниот театар во Букурешт, Романија.

Chris Jaeger (1960, South London, United Kingdom), Lighting designer

Chris Jaeger has been a theatre lighting designer for the past 36 years. At 1981 he graduated from the London Academy of Music and Dramatic Art (LAMDA), and his lighting designer career begins in 1982, as a lighting designer for the London City Ballet. He has collaborated with many theaters so far, creating the lighting for a huge number of top dance, opera, and music and drama plays. Many of his productions have been staged in theatres across the United Kingdom and Europe. In the NI of RNM, Macedonian National Theater, Chris Jaeger has so far worked on the plays: No Man's Land by Danis Tanovic and Alexander Morfov, directed by Alexander Morfov (2017); The Seagull by Anton Chekov, directed by Nina Nikolic, for the NI of RNM, Macedonian National Theater, Peripetija Production and Bosnian National Theatre Zenica (2019).
He has collaborated with the National Theater in Bucharest, Romania, on the production of Eugene Ionesco's Exit the King and on Shakespeare's The Tempest in Beijing, China, both directed by Alexander Morfov. He also worked at the National Opera in Bucharest on the staging of Pietro Mascagni's opera Cavalleria Rusticana, as well as on Pagliacci by Ruggero Leoncavallo at the Bucharest Opera House. Among the most significant productions he has worked on are: Coriolanus and The Winter's Tale by Shakespeare, directed by Michael Bogdanov, for the English Shakespeare Company; Timon of Athens, directed by Graham Witch for the English National opera; Someone to Watch Over Me directed by Terance Lamoud in Vienna, Austria; Romeo and Juliette, A Midsummer Night's Dream, Brighton rock, Return to the Forbidden Planet directed by Bob Carlton in London, England; Eugene Onegin directed by Ion Caramitru in Belfast, Sofia and Bucharest, as well as the plays: All My Sons, The Government Inspector and The Visit directed by Alexander Morfov, Noli infractri and The Merchant of Venice, at the TNB Bucharest, Romania.

Јоргос Дусос (Р Грција), композитор

Дусос е мултиинструменталист и композитор кој моментално живее во Атина, Грција. Студирал музикологија на универзитетот „Аристотел“ во Солун (2012), класична флејта на Државниот конзерваториум во Солун (2002) и грчки кларинет на Конзерваториумот во Атина (2008). Компонирал музика за театарските претстави: „Самоубиството“ – заедно со Д. Клонис – (Национален театар, Г. Папагеоргиу, 2022); „Paramythi gia dyo“ (Државен театар во Солун, А. Раптис, 2020); „Pedio Volis Agriopapies“ - заедно со Л. Муцинас - (Национален театар, Инфлукс, 2016); „Тишината зборува“ (театарска група „Hippo“ со Tony yap, театар „Porta“, 2019); „Aristos“ (театар „Poreia“, Г. Папагеоргиу, 2018); „Vourkolakas“ (театар „Kivotos“, Г. Лирас, 2015); „Daneistes“ (Г. Карабил, Vis Motrix, 2016). Во 2021 година, го издал својот прв соло албум со изведба на флејта, насловен „Serres“, а во 2015 година, издал колекција од грчки песни насловена „To zeimpekiko tou Menousi“.

Yorgos Duosos (Republic of Greece), Composer

Duosos is a multi-instrumentalist and composer currently living in Athens, Greece. He studied musicology in Aristotle University of Thessaloniki (2012), classical flute in State Conservatoire of Thessaloniki (2002) and Greek folk clarinet in Athens Conservatoire (2008). He composed music for the theatre plays The suicide – along with D. Klonis – (National Theatre, G. Papageorgiou, 2022); Paramythi gia dyo (State Theatre of Thessaloniki, A. Raptis, 2020); Pedio Volis Agriopapies – along with L. Moutsinas - (National theatre, Influx, 2016); Silence Speaks (Hippo theatre group with Tony yap, Theatre Porta, 2019); Aristos (Theatre Poreia, G. Papageorgiou, 2018); Vourkolakas (Theatre Kivotos, G. Lyras, 2015); Daneistes (G. Karabil, Vis Motrix, 2016). In 2021 he released his first solo Flute album called „Serres“, and back in 2015 a collection of Greek songs called „To zeimpekiko tou Menousi“.

Карис Пекливанидис (Р Грција), кореограф

Карис Пекливанидис е режисер, изведувач и уметнички директор во Општинскиот театар во градот Јанина. Дипломирал на катедрата за театар на универзитетот „Аристотел“ во Солун, а завршил и магистерски студии по колективно творештво (анг. Devised Theatre) на уметничкиот колеџ во Дартингтон. Во 2021 година ги започнал докторските студии по документарен театар и политичка филозофија. Добитник е на државна стипендија од Грција за постдипломски студии во странство. Од 2007 година, соработува како актер, режисер и танчер со Националниот театар на Северна Грција. Исто така, предава техника на современ танц во драмски училишта и води работилници базирани на методологијата на документарен театар. Тој е коосновач на уметничкиот колектив „Инфлукс“. „Инфлукс“ е првата театарска група која некогаш двапати ја освоила меѓународната стипендија за Ибзен (2013 и 2015 година). Уметничкиот колектив „Инфлукс“ се претставил со свои проекти на Меѓународниот фестивал „Ибзен“ (Осло), Меѓународната конференција „Ибзен“ (Скиен), Меѓународниот театарски фестивал „Димитрија“ (Солун), Националниот театар на Грција (Атина), Националниот театар на Северна Грција (Солун), во Центарот за грчки студии на Универзитетот Харвард (Вашингтон), на Грчкиот филмски фестивал (Театар Volksbühne, Берлин).

Charis Peclivanidis (Republic of Greece), Choreographer

Peclivanidis is a director and performer. He graduated from the Department of Theatre of Aristotle University of Thessaloniki and also holds a Master of Arts Degree in Devised Theatre from the Dartington College of Arts. He has been awarded with the State Scholarship of Greece for Master studies abroad. He has been collaborating as an actor, director and dancer with the National Theatre of Northern Greece since 2007. He is also teaching contemporary dance technique in drama schools and he runs workshops based on Documentary Theatre methodology. He is a co-founder of the Influx artistic collective. Influx became the first theatre group ever to win the International Ibsen Scholarship twice (2013 & 2015).
Influx - artistic collective - has also presented their projects in International Ibsen Festival (Oslo), International Ibsen Conference (Skien), International Theatre Festival of Dimitria (Thessaloniki), National Theatre of Greece (Athens), National Theatre of Northern Greece (Thessaloniki), Center of Hellenic Studies of Harvard University (Washington DC), Greek FilmBox Festival (Volksbühne Theater, Berlin).

КИНОПРОГРАМА

Проектот „Патиштата на хероите“ реализира повеќе краткометражни документарни филмови. Започнувајќи од јули 2021 година до денес публиката преку неколку работилници имаше можност да погледне филмови на повеќе јазици од земјите кои се дел од овој проект. Објавени на официјалната веб-страница и проектирани пред публиката, овие филмови имаат цел да претстават разни аспекти од областа на екологијата — подигнување на свеста на поединецот и како да се биде општествено одговорен кон природата – едукативни теми што ќе нè поттикнат на размислување. Последниве неколку месеци премиерно беа прикажани:

– Патиштата на хероите епизода 1 Драгана Катиќ, режисер: Ана Константиновиќ, продукција: Ехо Анимато (Србија) (јули 2021)

– Патиштата на хероите епизода 2 Маја Модријан, режисер: Ана Константиновиќ, продукција: Ехо Анимато (Србија) (август 2021)

– Патиштата на хероите епизода 3 Недим Факиќ (Босна и Херцеговина), режисер: Ана Константиновиќ, продукција: Ехо Анимато (Србија) (септември 2021)

– Патиштата на хероите епизода 4 Кристина Каралека (Грција), режисер: Ана Константиновиќ, продукција: Ехо Анимато (Србија) (октомври 2021)

– Патиштата на хероите епизода 5 Салваторе Фочи (Италија), режисер: Ана Константиновиќ, продукција: Ехо Анимато (Србија) (ноември 2021)

– Патиштата на хероите епизода 6 Ратко Анту овиќ (Босна и Херцеговина), режисер: Ана Константиновиќ, продукција: Ехо Анимато (Србија) (февруари 2022)

– Патиштата на хероите епизода 7 Мариа Манаси (Грција), режисер: Ана Константиновиќ, продукција: Ехо Анимато (Србија) (март 2022)

Проекциите беа прикажани во Europe House во Скопје и во Крива Паланка, на големата сцена на МНТ, како и на МРТВ – првиот програмски сервис. Очекувајте ги и останатите пет документарни филмови кои ќе израдуваат како ново продолжение, а се дел од големиот омнибус на „Патиштата на хероите“.

MOVIE PROGRAM

The Ways of the Heroes project has made several short documentaries. Starting from July 2021 until today, through several workshops, the audience had the opportunity to watch films in several languages from the countries that are part of this project. Published on the official website and projected to the public, these films aim to present various aspects of the field of ecology - raising the awareness of the individual and how to be socially responsible to nature - educational topics that will encourage us to think. The following projections have been premiered in the last few months:

– The Ways of the Heroes Episode 1 Dragana Katic, director: Ana Konstantinovic, production: Eho Animato (Serbia), (July, 2021)
– The Ways of the Heroes Episode 2 Maja Modrijan, director: Ana Konstantinovic, production: Eho Animato (Serbia), (August, 2021)
– The Ways of the Heroes Episode 3 Nedim Fakic (Bosnia and Herzegovina), director: Ana Konstantinovic, production: Eho Animato (Serbia), (September, 2021)
– The Ways of the Heroes Episode 4 Kristina Karaleka (Greece), director: Ana Konstantinovic, production: Eho Animato (Serbia), (October, 2021)
– The Ways of the Heroes Episode 5 Salvatore Fosci (Italy), director: Ana Konstantinovic, production: Eho Animato (Serbia), (November, 2021)
– The Ways of the Heroes Episode 6 Ratko Antunovic (Bosnia and Herzegovina), director: Ana Konstantinovic, production: Eho Animato (Serbia), (February, 2022)
– The Ways of the Heroes Episode 7 Maria Manasi (Greece), director: Ana Konstantinovic, production: Eho Animato (Serbia), (March, 2022)

The projections were shown in Europe House in Skopje and Kriva Palanka, on the big stage of MNT, as well as on MRTV – the first program service. Expect the other five documentaries that will bring joy packed in a new sequel, and which are part of the big omnibus of The Ways of the Heroes.



Улогата на театарот во зголемување на свеста за климатските промени

Во изминатите десет години, годишното просечно испуштање емисии на стаклени гасови во светот беше на највисоко ниво во историјата на човештвото, но стапката на раст се намали. Доколку нема непосредни и големи намалувања на испуштањето на емисиите од ваков вид низ сите сектори, границата за глобално затоплување на 1.5 °C ни е надвор од дофатот. Сепак, постојат докази за климатски промени, како што наведоа научниците во извештајот од последниот Меѓувладин панел за климатски промени (IPCC) издаден на 4 април 2022 година.

„Ние се наоѓаме на крстопат. Одлуките што ги правиме сега треба да ни осигураат иднина во која ќе може да се живее. Ние ги поседуваме алатките и практиките коишто се потребни за да се ограничи затоплувањето“, изјави Хоесунг Ли, претседавач на Меѓувладиниот панел за климатски промени. „Охрабрен сум од активностите што се преземаат во многу земји во однос на климатските промени. Воспоставени се политики, регулативи и пазарни инструменти коишто се покажуваат како ефективни. Ако истите се унапредат и се применуваат пошироко и подеднакво насекаде, тоа може да доведе до намалени емисии и да поттикнат иновација.“

Во сценаријата на ИПЦЦ, границата на глобалното затоплување на околу 1.5 °C наложува емисиите на стаклени гасови да се намали за 43 % до 2030 година. Дури и ако се постигне тоа, речиси е неизбежно дека за одредено време ние ќе го надминеме овој праг на температурата, но истата може да се врати во границата до крајот на овој век.

Како резултат на тоа, климатската криза претставува директна закана по нашата безбедност, заштитата од природни катастрофи и просперитет. Ние веднаш треба да дејствуваме и да го ограничиме испуштањето на јаглеродни емисии, да ја намалиме штетата врз биодиверзитетот, а додека го правиме тоа и да постигнеме транзиција во која им е дадена поддршка на луѓето, местата и заедниците како и заштита на ранливите групи.

Се разбира, театрите не можат да ја решат климатската криза, но тие играат критична улога во начинот на кој тие се фокусираат на неа. Навистина, театарот може да поставува прашања, да предизвикува, да провоцира, да забавува и да изненадува. Може да ги одразува преокупациите на генерациите што се соочуваат со времиња на вртоглава и застрашувачка промена.

Неколку истражувачи, фокусирајќи се на влијанието на животната средина врз настаните, предложија дека вреди да се истражуваат такви настани како можност за олеснување на поголемата промена, затоа што тоа се платформи со голема видливост коишто имаат можност да поттикнат преземање на дејствија.

За да се направи тоа, самите театри мора доследно да работат. Навистина, театарските изведби имаат влијание врз планетата. Тие користат енергија и материјали, одат на патувања, создаваат отпад и користат опасни хемикалии.

Денес, свесноста за важноста на одржливоста во настаните е сè поголема кај планирачите и заинтересираните страни, како и интересот за проценатa на нивната изведба. Воведувањето и спроведувањето на одржливоста во настаните значи да се разгледа секој аспект на планирање како потенцијален фактор за генерирање емисии што предизвикуваат загадување и да се изнајде најдоброто можно решение за да се постигнат еколошките, општествените и економските цели на настанот. Затоа што секој настан се разликува од останатите според својот карактер, големина, цели и уште неколку други критериуми, важно е да се утврди точната мерка за планирање и поврзаните одржливи перформанси.

Во моментов, нема доволно податоци за театар-

ските продукции за да се утврди кога повеќето театри може реално да постигнат нето-нула емисии на стаклени гасови. Сè додека театрите не прават проби на поодржливи претстави, тешко може да се дознае колку брзо може да се постигне транзиција. Од добиените податоци и повратните информации и следењето на јаглеродот станува глобален тренд, истражувачите може поточно да утврдат дали има напредок кај театрите на патот кон нето-нула.

За да се намалат емисиите предизвикани од театарските изведби, најдобро е да се почне со идентификување на местата каде што се можни промени за да се постигне максимално влијание. Навистина, да се има јасна и цела слика на генерираните влијанија е од голема важност за да може да се утврдат областите со најголема можност за намалување на емисиите.

Не постои еден начин на кој театрите може да напредуваат и да станат еколошки; секоја организација мора да прифати и да применува методи што се покажале како најефективни. На патот кон одржливо управување со настани, идентификувањето и точното проценување на влијанието на настаните врз животната средина се суштината за утврдување на основата, утврдување соодветни стратегии за подобрување и следење на напредокот како што изминува времето.

Подолу е даден општ список на активности што театрите би можеле да ги преземат за да го намалат нивното влијание врз животната средина:

- Генерирање и користење обновлива енергија за системите за осветлување и греење
- Охрабрување на персоналот, екипата и актерите да користат јавен транспорт
- Наоѓање места за одржување на проби во близина на сцената, со цел да се избегне дополнително патување
- Осигурување дека сите материјали се одржливо сорсирани
- Наоѓање локални набавувачи
- Правење една голема нарачка за да се избегнат повеќе испораки
- Зголемување на опциите за јавен транспорт на публиката со објавување карти, програми и веб-страници.

„Климатските промени не се нешто со кое ние самите можеме да се справиме... Климатската криза бара итно дејствување од сите нас. Ние треба да постигнеме нето-нула емисии на стаклени гасови до 2050 година. Секој од нас има своја улога во ова“, изјави Никлас Хагелберг, координатор за климатски промени на Програмата на Обединетите нации за животна средина (UNEP). „Ние, како поединци, мора да ги смениме нашите навики за потрошувачка и притисокот на оние што нè застапуваат - нашите работодавачи, нашите политичари – за да се движиме брзо кон свет со ниски јаглеродни емисии.“

проф. Андреа Витали
д-р Џампјеро Гроси
Катедра за земјоделство и шумарство (ДАФНЕ)
Универзитет во Туша, Р Италија

Art has a role to play in challenging Climate Change

During the last decade, average annual global greenhouse gas emissions were at their highest levels in human history, but the rate of growth has slowed. Without immediate and deep emissions reductions across all sectors, limiting global warming to 1.5°C is beyond reach. However, there is increasing evidence of climate action, said scientists in the latest Intergovernmental Panel on Climate Change (IPCC) report released the last 4 April 2022.

"We are at a crossroads. The decisions we make now can secure a liveable future. We have the tools and know-how required to limit warming," said IPCC Chair Hoesung Lee. "I am encouraged by climate action being taken in many countries. There are policies, regulations and market instruments that are proving effective. If these are scaled up and applied more widely and equitably, they can support deep emissions reductions and stimulate innovation."

In the scenarios assessed by the IPCC, limiting warming to around 1.5°C requires global greenhouse gas emissions to be reduced by 43% by 2030. Even if we do this, it is almost inevitable that we will temporarily exceed this temperature threshold but could return to below it by the end of the century.

As a result, climate change is an immediate threat to our safety, equity, and prosperity. We urgently need to limit greenhouse gas emissions, reduce biodiversity damage, and in doing so, achieve a transition where people, places and communities are supported and vulnerable groups protected.

Of course, theatres cannot solve the climate crisis, but they can play an urgent role in addressing it. Indeed, theatre can question, challenge, provoke, entertain, and surprise. It can reflect the preoccupations of generations facing a time of dizzying, frightening change.

Addressing the environmental impacts of events, several researchers have suggested that events are also worth investigating as an opportunity to leverage broader change because they are highly visible platforms that have the ability to galvanize action.

But to do that, the theatre itself needs to work sustainably. Indeed, theatre performances have an impact on the planet. They use energy and materials, require travel, create waste and employ harmful chemicals.

Nowadays, the awareness of the importance of sustainability in events has been increasing in planners' and stakeholders' thoughts as well as the interest in their performance assessment. Introducing and implementing sustainability in events means considering each planning aspect as a potential factor in generating polluting emissions and developing the best possible solution to achieve the event's environmental, social and economic goals. Since each event is different from others according to its nature, size, objectives and several further criteria, it becomes more important to define the correct planning and measure the related sustainable performances.

At present, there is not enough data on theatre

productions to determine when most theatres can realistically achieve net-zero greenhouse gas emissions. Until theatres trial more sustainable shows, it is hard to know how quickly the transition can be accomplished. As data emerges, theatres feedback and carbon tracking become more widespread, and researchers will be able to judge more accurately theatre's progress on the journey to net-zero.

In order to reduce theatre performance emissions, it's best to start by identifying where changes can be made to achieve maximum impact. Indeed, having a clear and complete picture of the generated impacts is critical to determining the areas with the most significant reducing opportunity.

There is no single way for a theatre to proceed with going green; each organization must embrace the methods it deems most effective. In the path toward sustainable event management, identifying and correctly evaluating events' environmental impacts are fundamental to setting the baseline, de-

fining suitable improvement strategies, and tracking progress over time.
Below is a non-comprehensive list of actions that theatres could take in order to reduce their environmental impacts:
generating and using renewable energy involved in lighting and heating systems;
encourage staff, crew and cast to use public transport;
find rehearsal spaces near to production stage to avoid extra travel;
ensure all materials are sustainably sourced;
trying to keep suppliers as local as possible;
make single large orders to reduce deliveries;
enhance the visibility of public transport options to audiences by publicising on tickets, programmes, website.
Climate change is not something we can tackle alone... The climate emergency demands action from all of us. We need to get to net-zero greenhouse gas emissions by 2050. Everyone has a role to play," said Niklas Hagelberg, Climate Change Coordinator of the United Nations Environment Programme (UNEP). "We, as individuals, must change our consumption habits and pressure those who represent us – our employers, our politicians – to move rapidly to a low-carbon world."

Prof. Andrea Vitali
Dr. Giampiero Grossi
Department of Agriculture and Forestry Science (DAFNE)
University of Tuscia (IT)

Директор: Симона Угриновска

Уметнички совет на РСМ НУ Македонски народен театар: Никола Ристановски, Николина Кујача, Звездана Ангеловска, Дејан Дуковски и Сашко Коцев

Издавач: РСМ НУ Македонски народен театар, Република Северна Македонија

Ул. 11 март бр. 3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, тел. + 389 2 321 6725

Резервација и продажба на билетарницата на РСМ НУ МНТ, тел. + 389 2 323 0304

Online продажба:

www.mnt.mk

General Manager: Simona Ugrinovska

Arts Council of NI of RNM, Macedonian National Theatre: Nikola Ristanovski, Nikolina Kujacha, Zvezdana Angelovska, Dejan Dukovski and Sashko Kocev

Publisher: NI of RNM, Macedonian National Theatre, Republic of North Macedonia

Str. 11 mart, No.3, Skopje 1000, Republic of North Macedonia, tel. + 389 2 321 6725

Reservation and sale at the booking office at NI of RNM, MNT, tel. + 389 2 323 0304

Online sale:

www.mnt.mk